**РАБОТИЛНИЦА ЦЕФ ЉУБЉАНА, ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА**

Работилница на тема Воспоставување на процес на управување со ризици во јавниот сектор, во организација на ЦЕФ Љубљана.

Работилницата на тема Воспоставување на процес на управување со ризици во јавниот сектор се одржа во периодот од 9-11 декември 2015 година во Љубљана. На оваа работилница присуствуваше еден ревизор од Ревизорското тело.

Работилницата ги опфати темите: како да се поддржи и олесни културата на препознавање ризици, управување со ризици – како да се идентификуваат, проценат, третираат и мониторираат ризиците, кои се главните ризици во организациите, како да се воспостави ефективен процес на управување со ризици, што треба да опфати соработката помеѓу менаџерот за ризици и внатрешниот ревизор.

На работилницата присуствуваа учесници од Албанија, Косово, Хрватска, Словенија, Србија, Црна Гора и Турција.

Предавач: обучувач во областа на меѓународно управување, управување со ризици и внатрешна ревизија и консултант од Белгија.